GENERAL TERMS AND CONDITIONS OF AGREEMENT WITH CORPORATE CLIENTS /
ОПШТИ ОДРЕДБИ И УСЛОВИ НА ДОГОВОР СО КОРПОРАТИВНИ КЛИЕНТИ

V. 3.0/ 15.03.2024

I. GENERAL PROVISIONS	**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**
These General Terms and Conditions ("General Terms") contain the main provisions of the Agreement between Evrotrust Technologies AD Sofia and/or, where applicable, its relevant Affiliate company providing services under these General Terms and Conditions in a specific territory (each of them or together hereinafter referred to as "Evrotrust") and corporate clients ("Partners") (together "the Parties" and each one "a Party") for cooperation and integration regulating the provision of trust, information, cryptographic, consulting and other services by Evrotrust for the internal needs of the Partners, as well as for servicing their relationships with third parties - users, suppliers, and others.	Овие Општи Одредби и Услови („Општи услови") ги содржат главните одредби од Договорот помеѓу Evrotrust Technologies AD Sofia и/или, каде што е применливо, нејзината релевантна Поврзана компанија, која обезбедува услуги според овие Општи Одредби и Услови на одредена територија (секоја од нив или заедно во натамошниот текст „Evrotrust") и корпоративни клиенти („Партнери") (заедно „Страни" и секој од нив поединечно „Страна") за соработка и интеграција уредувајќи обезбедување на доверливи, информатички, криптографски, консалтинг и други услуги од страна на Evrotrust за интерните потреби на Партнерите, како и за сервисирање на нивните односи со трети страни – корисници, добавувачи и други.
An integral part of the Agreement are the Special Terms and Conditions, which contain the specific elements of the contract, such as identification of the parties, the provision of services by a specific Affiliate company of Evrotrust, if any, prices, services used and special conditions for their provision and other specific clauses governing the legal relations between the parties.	Составен дел на Договорот се и Посебните одредби и услови, кои ги содржат специфичните елементи на Договорот, како што се идентификација на страните, обезбедување услуги од страна на конкретна Поврзана компанија на Evrotrust, доколку има, цени, услуги кои што се користат и посебни услови за нивно обезбедување како и други специфични клаузули коишто ги регулираат правните односи помеѓу страните.
An integral part of the General Terms and Conditions and accordingly of the Agreement are also the additional Clause "Personal Data Protection" and others expressly specified in the Special Terms and Conditions (e.g. Clauses "Registration Authority", "Automated Signing").	Составен дел на Општите Одредби и Услови и соодветно на Договорот се и дополнителната Клаузула „Заштита на лични податоци" и други изречно наведени во Посебните Одредби и Услови (пр. Клаузулите "Тело за регистрација" и „Автоматско потпишување").
Evrotrust Technologies AD Sofia is a Bulgarian commercial company, registered in the Commercial Register at the Registry Agency under UIC 203397356, with registered office and address of	Evrotrust Technologies AD Sofia е трговско друштво од Бугарија, регистрирано во Трговскиот регистар на Агенцијата за регистрации под UIC 203397356, со регистрирано седиште и адреса на

management: City of Sofia, 251G Okolovrasten pat Str., MM Business Center, fl. 5. Evrotrust Technologies AD Sofia carries out regulated activity as a qualified trust service provider and is entered in the Register of Qualified Trust Services Providers of the European Commission, maintained by the Bulgarian Communications Regulation Commission, pursuant to Regulation (EU) No. 910/2014 of the European Parliament and of the Council of 23 July 2014 on electronic identification and trust services for electronic transactions in the internal market and for repealing Directive 1999/93/EC (Regulation (EU) No. 910/2014). The activities of Evrotrust are subject to a mandatory biennial audit by conformity assessment bodies accredited by a Member State of the European Union. Evrotrust carries out its activities in accordance with the Policies and Practices for the provision of services (Policies and Practices), approved by the Communications Regulation Commission, including the General Terms and Conditions of the Agreement for the provision of trust, information, cryptographic and consulting services to end-users (hereinafter referred to as the "Policies"), which upon acceptance of these General Terms and Conditions the Partner declares to be familiar with.	управување: Град Софија, ул. Околоврастен пат бр. 251Г, Деловен центар ММ, кат 5. Evrotrust Technologies AD Sofia врши регулирана дејност како квалификуван давател на доверливи услуги и е запишан во Регистарот на даватели на квалификувани доверливи услуги на Европската Комисија, одржувана од страна на Комисијата за регулирање на комуникациите на Бугарија, согласно со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции во внатрешниот пазар и за укинување на Директивата 1999/93/ЕЗ (Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014). Активностите на Evrotrust се предмет на задолжителна двогодишна ревизија од страна на тела за оценка на сообразност акредитирани од страна на земја-членка на Европската унија. Evrotrust ги спроведува своите активности во согласност со Политиките и практиките за обезбедување на услуги (Политики и практики), одобрени од страна на Комисијата за регулирање на комуникации, вклучително и на Општите Одредби и Услови на Договорот за обезбедување на доверливи, информатички, криптографски и консултантски услуги на крајни корисници (во понатамошниот текст „Политики"), при што со прифаќање на овие Општи Одредби и Услови Партнерот изјавува дека е запознаен со нив.
II. DEFINITIONS **Art.1.** (1) The terms used in these General Terms and Conditions shall have the following meaning: 1. **Agreement** represents the totality of the individual agreements (Special Terms and Conditions) signed with the Partner, these General Terms and Conditions, Clause "Personal Data Protection" and any	**II. ДЕФИНИЦИИ** **Член 1** (1) Поимите употребени во овие Општи Одредби и Услови ќе го имаат следново значење; 1. **Договор** претставува целина на поединечни договори (Посебни Одредби и Услови) потпишан со Партнерот, овие Општи Одредби и Услови, Клаузулата за „Заштита на лични податоци" и сите

applicable additional Clauses referred to in the Special Terms and Conditions.	применливи дополнителни Клаузули наведени во Посебните одредби и услови.
2. **Affiliate company** means any company that controls, is controlled by, or is under common control with another company, where "control" is understood as the ability to exercise decisive influence on an undertaking, in particular by ownership or the right to use all or part of the assets of an undertaking, or by rights or contracts which confer decisive influence on the composition, voting or decisions of the organs of an undertaking.	2. **Поврзана компанија** значи секоја компанија која контролира, е контролирана од или е под заедничка контрола со друга компанија, каде под "контрола" се подразбира можност за одлучувачко влијание врз компанијата, особено преку сопственоста или правото на користење на сите или на дел од средствата на компанијата или со права или договори кои даваат одлучувачко влијание врз составот, гласањето или одлуките на органите на компанијата.
3. **Date of Enforcement** is the date of placing the last of the signatures necessary for the valid conclusion of the Agreement by all Parties. The date of a signature is the certified date of the electronic signature or respectively, the specified date in case of a handwritten signature. In the absence of a date for some of the signatures, the latest available date is relevant.	3. **Датум на спроведување** е денот на ставање на последниот потпис потребен за важечко склучување на Договорот од страна на сите Страни. Датумот на потпишување е завереният датум на електронскиот потпис или на определен датум во случај на своерачен потпис, соодветно. Во отсуство на датум за некои потписи, релевантен е последниот достапен датум.
4. **An information system (System)** is any single device or collection of interconnected or similar devices which in the execution of a software provides or one of the elements of which provides, automatic data processing.	4. **Информатички систем (Систем)** е било кој единечен уред или збир од меѓусебно поврзани или слични уреди кои што со извршувањето на софтверот обезбедуваат или едниот од елементите обезбедува, автоматска обработка на податоци.
5. **Devices** are hardware products, or parts thereof, designed to connect to the interfaces of public electronic communications networks. The devices through which the services may normally be used are mobile phones or other smart devices that meet the technical requirements for the normal installation and	5. **Уреди** се хардверски производи, или нивни делови, дизајнирани за поврзување на интерфејси на јавните електронски комуникациски мрежи. Уредите преку кои услугите може нормално да се користат се мобилни телефони или други паметни уреди кои ги исполнуваат техничките барања за

operation of the Application.	нормална инсталација и работење на Апликацијата.
6. **Application** is a mobile interface developed by **Evrotrust** that can be installed on a User's Device and which allows the use of the services provided by **Evrotrust** to the User.	6. **Апликација** е мобилен интерфејс развиен од страна на **Evrotrust** кој може да биде инсталиран на уред на корисникот и кој дозволува употреба на услугите обезбедени од страна на **Evrotrust** за Корисникот.
7. **User** is a natural person with whom Evrotrust enters into an Agreement for the provision of Trust Services. The User may be an employee, customer, agent or otherwise for the **Partner**, as well as a third party.	7. **Корисник** е физичко лице со кое Evrotrust склучува Договор за давање на доверливи услуги. Корисникот може да биде вработен, купувач, агент или друго за **Партнерот**, како и за трети лица.
8. **Malicious Actions** are actions or inactions violating the Internet ethics or causing harm to persons connected to the Internet or associated networks, sending unsolicited messages (unsolicited commercial messages, spam, junk mail), overflowing the channels (flood), gaining access to resources by using someone else's rights and passwords, using flaws in information systems for one's own benefit or obtaining information (hack), altering identities, committing actions that can be qualified as industrial espionage or sabotage, damaging or destroying information systems or information arrays (crack), sending "Trojan horses" or causing the installation of viruses or remote control systems, interfering with the normal operation of other Internet users and associated networks, providing or obtaining unauthorized access to services, devices, information systems or functionalities or to data for access to such, performing any actions that can be qualified as crimes or administrative offences under Bulgarian legislation or under other applicable law.	8. **Злонамерни активности** се активности или неактивности кои ја нарушуваат етиката на Интернет или предизвикуваат штета на лица поврзани на Интернет или на придружени мрежи, со испраќање на несакани пораки (несакани комерцијални пораки, спам, несакана пошта), преплавување на канали, добивање пристап до ресурси со користење на нечии други права и лозинки, користење на недостатоци во информатичките системи за сопствена корист или за добивање информации (хакирање), менување идентитети, извршување дејствија коишто може да се оквалификуваат како индустриска шпионажа или саботажа, оштетување или уништување на информатички системи или информатички подредувања (кракување), испраќање на „Тројански коњи“ или предизвикување инсталација на вируси или далечински контрола на системи, попречување на нормалното работење на други Интернет корисници и придружени мрежи, обезбедување или добивање на неовластен пристап до

	услуги, уреди, информатички системи или функционалности или податоци за пристап на истите, извршување на какви било дејствија коишто може да бидат квалификувани како кривични дела или административни прекршоци според бугарското законодавство или според друг применлив закон.
9. **Electronic Signature, Electronic Document, Electronic Identification, Trust Services, Electronic Seal, Qualified Certificate for Qualified Electronic Signature, Advanced Electronic Signature, Qualified Electronic Registered Mail Service, and all other terms** used in these General Terms and Conditions or in the Special Terms and Conditions of the Agreement shall have the meanings set forth in the respective applicable regulations such as, but not limited to Regulation (EU) No. 910/2014, The Electronic Document and Electronic Certification Services Act (EDCSA), the Electronic Identification Act (EIA) and the Electronic Government Act (EGA), unless otherwise expressly provided in the General Terms and Conditions or the Special Terms and Conditions.	9. **Електронски потпис, Дигитален документ, Електронска идентификација, Доверливи услуги, Електронски печат, Квалификуван сертификат за квалификуван електронски потпис, Напреден електронски потпис, Услуга на електронска препорачана пошта и сите други термини** кои се користат во овие Општи Одредби и Услови или во Посебните одредби и услови на Договорот ќе имаат значења утврдени во соодветните важечките прописи како што се, но не ограничувајќи се на Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014, Закон за електронски документ и услуги за електронски сертификат (EDCSA), Закон за електронска идентификација (EIA) и Закон за електронска влада (EGA), освен ако не е поинаку предвидено во Општите одредби и услови или во Посебните одредби и услови.
10. **Intellectual Property Rights** means all intellectual and industrial property rights under the laws of any country, including copyright and related rights, database rights, patent rights, trademark rights, design rights, integrated circuit topology rights, including rights in *know-how*, trade secrets, trade names and other rights.	10. **Права на интелектуална сопственост** значи сите права за интелектуална и индустриска сопственост согласно законите на која било земја, вклучувајќи ги авторските и сродните права, правата на база на податоци, правата на патент, правата на трговска марка, правата на дизајн, правата на топологија на интегрирани кола, вклучувајќи ги и правата за *know-how*, трговски тајни,

11. **Trust Unit (TU)** - means a unit of a predetermined value which is set by Evrotrust and on the basis of which the respective service is charged.	трговски имиња и други права. 11. ***Trust Unit* (TU) -** значи единица со предодредена вредност која што е поставена од страна на Evrotrust и врз основа на која се наплаќа соодветната услуга.
12. **Connector** - a system integration between Evrotrust systems and an external software system that allows Relying Parties and/or their users to use Evrotrust services together with the services of the external software system.	12. **Конектор** – системска интеграција помеѓу системите на Evrotrust и надворешен софтверски систем која што им овозможува на *Страните* и/или на нивните корисници да ги користат услугите на Evrotrust заедно со услугите на надворешниот софтверски систем.
13. **Functional and Available Services** are available when it is possible to log into the Application and perform the desired service, as well as the ability to access it through the interface selected by the **Partner**.	13. **Функционални и достапни услуги** се достапни кога е можно да се најавите во Апликацијата и да ја извршите саканата услуга, како и можноста за пристап до неа преку интерфејс избран од **Партнерот**.
14. Incident **Response Time** is the interval of time between the **Evrotrust** Support Team being notified that an incident has occurred, the start of incident resolution and the return of a message/confirmation that work on the incident has begun.	14. **Време на Одговор** при инцидент е време интервал помеѓу известување на тимот за поддршка на **Evrotrust** дека се случил инцидент, почеток на решавање на инцидентот и враќањето на порака/потврда дека работата врз инцидентот е започната.
15. Incident **Resolution Time** is the time from notification of the **Evrotrust** Support Team until the incident is resolved so that the service is operational.	15. **Време на решавање на инцидент** е времето од известувањето на тимот за поддршка на **Evrotrust** до решавање на инцидентот така што услугата е оперативна.
(2) In interpreting and applying the General and Special Terms and Conditions of the Agreement, the meanings set out in Evrotrust's Policies and Practices shall apply.	(2) При толкувањето и примената на Општите и Посебните одредби и услови на Договорот, ќе се применуваат значењата поставени во Политиките и практиките на Evrotrust.
III. SUBJECT MATTER OF THE AGREEMENT **Services** **Art.2**	**III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ** **Услуги** **Член 2**
(1) Pursuant to the Agreement, **Evrotrust** shall provide one or more services described in **Evrotrust's** Tariff for a fee.	(1) Согласно Договорот, **Evrotrust** ќе овозможи една или повеќе услуги опишани во Тарифата за надоместоци на **Evrotrust**.

(2) The **Partner** shall decide at its own discretion when and which of the trust services under the Agreement will use. The use of other services shall be specified in the Special Terms and Conditions or further agreed between the parties in writing, including by email.	(2) **Партнерот** по сопствено наоѓање ќе одлучи кога и која од доверливите услуги од Договорот ќе ја користи. Користењето на други услуги ќе биде утврдено во Посебните Одредби и Услови или дополнително се договара помеѓу страните во писмена форма вклучувајќи и преку е-пошта.
(3) The **Partner** shall consume the trust services under the Agreement through any of the Integration Channels described in these General Terms and Conditions, specifically pointed by the Partner in the Special Terms and Conditions. After the Agreement comes into force, the inclusion of additional channels shall be based on a written request (order) by the **Partner**. If a fee is payable for use of an integration channel, **Evrotrust** shall send a price offer.	(3) **Партнерот** ќе ги користи доверливите услуги согласно Договорот преку кои било кој од Каналите за интеграција опишани во овие Општи одредби и услови, конкретно посочени од Партнерот во Посебните одредби и услови. Откако Договорот ќе влезе во сила, вклучувањето на дополнителни канали ќе се заснова врз писмено барање (налог) од страна на **Партнерот**. Доколку се плаќа надоместок за користење на канал за интеграција, **Evrotrust** ќе испрати понуда со цена.
Use of services by the Partner and its users	**Користење на услуги од страна на Партнерот и неговите корисници**
Art.3	**Член 3**
(1) When upon Partner's request electronic identification and trust services are provided to the **Partner**'s users - its employees, suppliers and others for the needs of their relations with the **Partner**, Evrotrust shall enter into separate agreements with these persons, but the services shall be invoiced and paid by the **Partner** in accordance with the provisions of the General and Special Terms and Conditions.	(1) Кога на барање на Партнерот се обезбедуваат електронска идентификација и доверливи услуги за клиентите на **Партнерот** – неговите вработени, добавувачи и други за потребите на нивните односи со **Партнерот**, Evrotrust ќе склучи посебни договори со овие лица, но услугите ќе му бидат фактурирани и ќе бидат платени од страна на **Партнерот** во согласност со одредбите на Општите и Посебните Одредби и Услови.
(2) The **Partner** is a relying party with respect to the trust services provided by Evrotrust to its users.	(2) **Партнерот** е засегната страна во однос на доверливите услуги коишто Evrotrust ги обезбедува на своите корисници.
(3) Services under this contract may be provided directly to the **Partner** (e.g. use of a portal, integration with an external software system, remote signing with a qualified electronic seal, technical consultations, etc.). In this case, the	(3) Услугите според овој договор може да се обезбедат директно на **Партнерот** (на пр. Употреба на портал, интеграција со надворешен софтверски систем, далечинско потпишување со квалификуван електронски

same shall be invoiced and paid by the **Partner** in accordance with the provisions of the General and Special Terms and Conditions.	печат, технички консултации итн.). Во овој случај, истите ќе му бидат фактурирани и платени од страна на **Партнерот** во согласност со одредбите на Општите и Посебните Одредби и Услови.
IV. FINANCIAL TERMS AND CONDITIONS	**IV. ФИНАНСИСКИ ОДРЕДБИ И УСЛОВИ**
Prices	**Цени**
Art.4	**Член 4**
(1) The prices of trust services are formed based on their value in TU and the unit price per TU specified in the applicable **Evrotrust** Tariff.	(1) Цените на доверливите услуги се формирани врз основа на нивната вредност во *TU* и единечната цена на *TU* наведена е во важечката тарифа на **Evrotrust**.
(2) The use of trust services under the Agreement is reported to the **Partner** and charged upon the occurrence of a billing event for the use of the service.	(2) Користењето на доверливите услуги според Договорот се пријавува на **Партнерот** и му се наплаќа по настанување на пресметковен настан за користење на услугата.
(3) Other services provided by **Evrotrust** in accordance with the Tariff are requested with the Special Conditions or through subsequent requests within the scope of the Agreement and are paid as one-off fees or hourly, depending on the service.	(3) Другите услуги коишто ги дава **Evrotrust** во согласност со Тарифата се бараат со Посебните услови или преку последователни барања во рамките на Договорот и се плаќаат како еднократни надоместоци или на час, во зависност од услугата.
(4) The Tariff is subject to periodic updating for which **Evrotrust** notifies the **Partner** within one month before the changes enter into force. During this period the **Partner** has the right to terminate the Agreement with a two-week written notice if the changes concern their activity and are not acceptable to them.	(4) Тарифата е предмет на периодично ажурирање за што **Evrotrust** го известува **Партнерот** еден месец пред промените да стапат на сила. Во овој период, **Партнерот** има право да го раскине Договорот со писмено известување, две недели однапред, доколку промените влијаат на неговата активност и не се прифатливи за него.
(5) Changes in the Tariff do not affect agreed packages, within their validity.	(5) Промените во Тарифата не влијаат на договорените пакети, во рамките на нивната важност.
(6) All prices specified in the Tariff and/or in the Special Terms and Conditions exclude VAT, withholding tax, import and export taxes, customs duties, excise duties and any similar or other taxes that may be imposed in connection with the provision of the Services, subject of the	(6) Сите цени наведени во Тарифата и/или во Посебните одредби и Услови се без ДДВ, задржан данок, увозни и извозни давачки, царински давачки, акцизи и слични или други даноци коишто може да се наметнат во врска со давањето на Услугите коишто се предмет

Agreement, except for Evrotrust's profit tax due in the country of its registration.	на Договорот, освен данокот на добивка на Evrotrust кој се плаќа во земјата на неговата регистрација.
(7) A billing event occurs when a service request is received in **Evrotrust's** systems from the **Partner**, regardless of the service outcome and end user actions (identified, document signed, document delivered, identification or document signature denied, document withdrawn, deadline for signature or identification expired, etc.)	(7) Пресметковен настан се случува кога ќе се прими барање за услуга во системите на **Evrotrust** од **Партнерот**, без оглед на исходот на услугата и дејствијата на крајниот корисник (идентификуван, потпишан документ, доставен документ, одбиени идентификација или потпис на документ, повлечен документ, рокот за потпис или идентификација е истечен, итн.)
TU packages	***TU* пакети**
Art.5	**Член 5**
(1) For the use of trust services, a package of Trust Units (TU) can be purchased.	(1) За користење на доверливи услуги може да се купи пакет од *TU*.
(2) When using trust services within a purchased TU package, a discount applicable to the specific purchased package may be applied to the current unit price of the TU specified in the Tariff. The discount is specified in the Special Terms and Conditions, respectively in a subsequent request for a package.	(2) При користење на доверливите услуги во рамките на купениот *TU* пакет, попустот применлив на конкретниот купен пакет може да се примени на тековната цена на *TU* наведена во Тарифата. Попустот е наведен во Посебните одредби и услови, односно во следното барање за пакет, соодветно.
(3) Within the purchased package, the **Partner** can use any trust services at their discretion, including new ones that **Evrotrust** may add during the validity of the package.	(3) Во рамките на купениот пакет, **Партнерот** може да користи било кои доверливи услуги по сопствен избор, вклучително и нови услуги коишто **Evrotrust** може да ги додаде за време на важноста на пакетот.
(4) **Evrotrust** provides monthly reports on the number of used services and TUs for the previous month and the remaining number of TUs from the package.	(4) **Evrotrust** обезбедува месечни извештаи за бројот на искористени услуги и *TU* единици за претходниот месец и за преостанатиот број на *TU* од пакетот.
Payment of Trust Services	**Плаќање на Доверливи Услуги**
Art.6	**Член 6**
(1) Invoicing of a package of TU shall be carried out in advance.	(1) Фактурирањето на пакет со *TU* се врши однапред.
(2) Invoicing of Trust Services used outside of a package shall be carried out monthly after the month of provision of the services.	(2) Фактурирањето на Доверливите услуги што се користат надвор од пакетот ќе се врши месечно по месецот на давање на услугите.

(3) The value of the consumption is calculated by multiplying the number of TUs used by the TU unit price specified in the applicable Tariff, less the discount applicable to the purchased package, if any.	(3) Вредноста на потрошувачката се пресметува со множење на бројот на искористени *TU* со цената на *TU* наведена во важечката Тарифа, намалена за попустот кој се применува на купениот пакет, доколку го има.
(4) As an exception, the Parties may expressly provide for deferred payment of a package in the Special Terms and Conditions.	(4) Со исклучок, Страните можат изречно да обезбедат одложено плаќање на пакет во Посебните Одредби и Услови.
Rules for deferred package payment	**Правила за одложено плаќање на пакети**
Art.7	**Член 7**
(1) In case of deferred payment:	(1) Во случај на одложено плаќање:
1. Where the Partner's consumption is less than the minimum monthly amount due noted in the Special Terms and Conditions, Evrotrust shall invoice the minimum amount due.	1. Кога потрошувачката на Партнерот е помала од минималниот месечен износ наведен во Посебните одредби и услови, Evrotrust ќе го фактурира минималниот доспеан износ.
2. When the Partner's consumption is higher than the minimum monthly amount due, the actual consumption shall be billed.	2. Кога потрошувачката на Партнерот е поголема од минималниот месечен износ, ќе се наплаќа вистинската потрошувачка.
3. When the usage of a requested package starts in an incomplete calendar month, for that month Evrotrust invoices the actual consumption.	3. Кога користењето на бараниот пакет започнува во нецелосен календарски месец, за тој месец Evrotrust ја фактурира вистинската потрошувачка.
(2) When the **Partner** reaches payments of the total value of the requested package before the expiry of its validity, and the actual services used according to their applicable unit value in TU are below the total value of the package, the monthly payments are stopped, and the **Partner** may use the prepaid services within the remaining validity term of the purchased package.	(2) Кога **Партнерот** ќе го достигне плаќањето на вкупната вредност на бараниот пакет пред истекот на неговата важност, а вистински искористените услуги според нивната применлива вредност во *TU* единици се под вкупната вредност на пакетот, месечните плаќања запираат, а **Партнерот** може да ги користи *припејд* услугите во преостанатиот рок од важноста на купениот пакет.
(3) In the last calendar month in which the validity of the package expires, **Evrotrust** shall equalise the amounts due until payment of the greater of the two values - the full value of the requested package or the value of the services actually used for the entire period according to their unit value in TU valid for the package.	(3) Во последниот календарски месец во кој истекува важноста на пакетот, **Evrotrust** ќе ги изедначи доспеаните износи до плаќањето на поголемата од двете вредности - целосната вредност на бараниот пакет или вредноста на реално искористените услуги за целиот период според нивната вредност во

	TU единици важечка за пакетот.
Validity and renewal of a package **Art.8**	**Важност и обновување на пакет** **Член 8**
(1) A purchased package is activated: 1. in case of an initially purchased package - from the date of sending a notification from **Evrotrust** to the Partner that they have been granted access to production environment for at least one of the channels for using services specified in the Special Terms and Conditions. 2. in case of a subsequent package purchased during the validity of a previous package, including in case of agreed automatic renewal – immediately after the end of validity of the previous package. 3. in case of a subsequent package purchased after the expiration of the previous package - from the date of the request for a new package.	(1) Купен пакет се активира: 1. во случај на првично купен пакет – од датумот на испраќање известување од **Evrotrust** до Партнерот дека добиле пристап до продукциската средина за барем еден од каналите за користење на услугите наведени во Посебните Одредби и Услови; 2. во случај на пакет купен за време на важноста на претходен пакет, вклучувајќи и случај на договорено автоматско обновување – веднаш по завршувањето на важноста на претходниот пакет; 3. во случај на пакет купен по истекот на важноста на претходен пакет – од датумот на барањето за нов пакет.
(2) The term of a purchased package is specified in the Special Terms and Conditions, respectively the request. The package is valid until its term expires or until the TUs included in the package are exhausted, whichever occurs first.	(2) Рокот на купениот пакет е наведен во Посебните Одредби и Услови, односно во барањето. Пакетот важи додека не му истече рокот или додека не се потрошат *TU* вклучени во пакетот, кое и да се случи прво.
(3) The **Partner** has the right to request in writing the purchase of a new package with the TU volume chosen by them, by means of a sample request sent by the contact person specified in the Special Terms and Conditions or by another person for whom from the circumstances it can be judged that is determined by the **Partner** to correspond with **Evrotrust** in connection with the execution of the Agreement. The request is binding upon signature by the Parties.	(3) **Партнерот** има право да поднесе писмено барање за купување нов пакет со *TU* со обем избран од него, преку примерок на барање испратено од лицето за контакт наведено во Посебните Одредби и Услови или од друго лице за кое од околностите може да се процени дека е определено од страна на **Партнерот** да комуницира со **Evrotrust** во врска со извршувањето на Договорот. Барањето е обврзувачко по потпишување од Страните.
(4) In the Special Terms and Conditions, a certain period of time can be agreed upon, within which the automatic renewal of a package will be carried out. Within such a period, after the end	(4) Во Посебните Одредби и Услови може да се договори определен временски период во кој ќе се изврши автоматско обновување на пакетот. Во тој период, по истекот на

of validity of each activated package, **Evrotrust** issues an invoice for a new package with the agreed volume of TU under the applicable financial conditions described in the Special Terms and Conditions, unless the Partner has requested a switch to a package with a larger volume or termination of the Agreement according to the terms of art. 20, item 2 of these General Terms.	важноста на секој активиран пакет, **Evrotrust** издава фактура за нов пакет со договорениот обем на *TU* според важечките финансиски услови опишани во Посебните Одредби и Услови, освен ако партнерот не побара да се префрли на пакет со поголем обем или пак побара раскинување на Договорот според условите од член 20, став 2 од овие Општи одредби.
(5) In the event that at the end of the validity of a package, the **Partner** has not purchased a new package and automatic renewal is not applicable, the **Partner** may continue to use the services by paying at the TU unit price with the discount applicable to the last purchased package until the end of the month following the month during which the package validity has expired, and after that – according to the current TU unit price specified in the current applicable Tariff. **Evrotrust** provides monthly statements and invoices for accrued consumption.	(5) Во случај кога на крајот од важноста на пакетот **Партнерот** не купил нов пакет, а автоматско обновување не е применливо, **Партнерот** може да продолжи да ги користи услугите со плаќање на цената на TU единица со попустот применет на последниот купен пакет до крајот на месецот што следи по месецот во кој истекла важноста на пакетот, а потоа – според тековната цена по TU единица наведена во тековната важечка Тарифа. **Evrotrust** обезбедува месечни изводи и фактури за вкупната потрошувачка.
(6) At the end of the package validity the right to use TU included in the package expires, except in the presence of (1) unused TU for which the Partner has paid and (2) a new package purchased until that moment of volume no less than the amount of TU actually used within the last 12 calendar months of the term of the expired package. In these cases a portion of the prepaid unused TU corresponding to the ratio between the purchased TU volumes in the new package and in the expiring package, specified in the relevant Special Conditions/Requests, but not more than the entire unused volume, will be transferred to the newly purchased package. Transferred TU volumes are rounded down to a whole unit.	(6) На крајот на важноста на пакетот истекува правото на користење на *TU* вклучени во пакетот, освен во случај на (1) неискористени *TU* за коишто Партнерот платил и (2) нов пакет купен до тој момент со обем не помал од износот на реално искористените *TU* во последните 12 календарски месеци од рокот на истечениот пакет. Во овие случаи, дел од однапред платените неискористени *TU* којшто одговара на сообносот помеѓу купениот обем на *TU* во новиот пакет и во пакетот кој истекува, наведен во соодветните Посебни услови/барања, но не повеќе од целиот неискористен обем, ќе се префрли во новиот купен пакет. Пренесениот обем на *TU* се заокружува на цела единица.
(7) Terms agreed in months expire on the last calendar day of the last month of the term. Terms agreed in years expire on the last	(7) Роковите договорени во месеци истекуваат на последниот календарски ден од последниот месец од рокот. Роковите

calendar day of the month in which the last year of the term expires.	договорени во години истекуваат на последниот календарски ден од месецот во кој истекува последната година од рокот.
Payment of other services **Art.9** One-off and other fees provided in the Special Terms and Conditions shall be payable on the basis of an invoice issued by **Evrotrust**.	**Плаќање на други услуги** **Член 9** Еднократните и другите трошоци предвидени во Посебните Одредби и Услови ќе се плаќаат врз основа на фактура издадена од **Evrotrust**.
Payment terms **Art. 10**	**Рокови за плаќање** **Член 10**
(1) The **Partner** shall pay all the properly due fees under invoices issued by Evrotrust within 15 days from the date of receipt of the invoice by the Partner.	(1) **Партнерот** ќе ги плати сите уредно доспеани трошоци по фактурите издадени од Evrotrust во рок од 15 дена од денот на приемот на фактурата од страна на Партнерот.
(2) If any invoice is overdue, access to the services can be suspended until all amounts due have been paid.	(2) Ако се доцни со плаќање на некоја фактура, пристапот до услугите може да биде прекинат додека не се платат сите доспеани износи.
(3) In case of deferred payment, in case of termination of the Agreement before the end of the validity of the package by the **Partner** according to the terms of Art. 20, item 2, or cancellation by **Evrotrust** under the conditions of art. 21, the **Partner** pays the remaining monthly instalments until the requested package is exhausted. The amount is paid at once by the 15th of the month following the month in which the termination or cancellation occurred.	(3) Во случај на одложено плаќање, во случај на раскинување на Договорот пред истекување на важноста на пакетот, од страна на **Партнерот** според условите од член 20 став 2, или откажување од страна на **Evrotrust** според условите од член 21, **Партнерот** ги плаќа преостанатите месечни рати до целосно исплаќање на бараниот пакет. Износот се плаќа во целост до 15-ти во следниот месецот по месецот кога настанало раскинувањето или откажувањето.
